СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ПАРЛАМЕНТАРЕН ИНСТИТУТ

# КВАНТИФИКАЦИЈА НА РОДОВАТА СЕНЗИТИВНОСТ НА СОБРАНИЕТО СО ОСВРТ НА ПРАТЕНИЧКИОТ СОСТАВ 2020-2024 и 2016-2020

Ева Јованова
Фани Коровешовска

февруари 2023 година, ажурирана

## СОДРЖИНА

ВОВЕД ........ 3

I. Две тела кои експлицитно се занимаат со прашања од родов аспект - Комисија за еднакви можности на жените и мажите и Клубот на пратенички ........ 3

II. 14 јавни расправи кои се однесуваат на родови аспекти на политики во пратеничкиот состав 2016-2020 и 5 јавни расправи во пратеничкиот состав 2020-2024 ........ 4

III. 51 пратеничка од вкупно 120 пратеници и нивниот соодност во членството во Комисиите во пратеничкиот состав 2020-2024 и во пратеничкиот состав 2016-2020 ........ 5

IV. Состав на делегациите на Собранието ........ 7

V. Околу 57 граѓански и меѓународни организации соработуваат со Собранието за прашања од родов аспект ........ 8

VI. 162 жени и 90 мажи од вкупно 252 вработени во службата на Собрание ........ 8

VII. СЛЕДНИ АКТИВНОСТИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА РОДОВАТА СЕНЗИТИВНОСТ НА СОБРАНИЕТО ........ 8

ЛИСТА НА ИЗВОРИ ........ 10

## ВОВЕД

Родово-сензитивен парламент е парламент кој одговара на потребите и интересите и на мажите и на жените во рамки на својот состав, структурите, постапките, методите и работата[1]. Врз основа на оваа дефиниција како и постојните алатки кои му стојат на располагање на Собранието, родовата сензитивност на Собранието на Република Северна Македонија може да се прикаже преку:

1. Инволвираните работни и други собраниски тела во прашањата кои опфаќаат родови аспекти;

2. Бројот на јавни и надзорни расправи кои се однесуваат на родови аспекти на политики;

3. Вкупниот број пратенички и нивниот сооднос во членството во работните тела – комисиите на Собранието;

4. Соодносот пратенички/пратеници во составот на делегациите на Собранието, пратеничките групи за соработка и другите собраниски тела;

5. Бројот на граѓанските и меѓународните организации кои соработуваат со Собранието во однос на родовите прашања;

6. Вкупниот број жени и мажи вработени во службата на Собрание и нивната застапеност на раководните позиции.

### I. Две тела кои експлицитно се занимаат со прашања од родов аспект - Комисија за еднакви можности на жените и мажите и Клубот на пратенички

Разгледувањето на предлог-законите и другите прописи што ги донесува Собранието, од аспект на вклученоста на родовиот концепт во нив, како и разгледувањето на други прашања што се однесуваат на еднаквите можности на жените и на мажите е во надлежност на работното тело - **Комисија за еднакви можности на жените и мажите**. Во мандатниот период 2020-2024, Комисијата организираше и работни средби, панел-дискусија, а во мандатниот период 2016-2020 спроведе и една теренска активност - посета на КПД Идризово, која е единствена казнено-поправна установа во земјата во која постои посебно одделение каде што казната затвор ја издржуваат женски лица од целата територија на државата кои се осудени со правосилна судска пресуда на казна затвор. Комисијата редовно го следи и спроведувањето на сите ратификувани меѓународни договори за родови прашања.

**Клубот на пратенички** претставува неформално консултативно тело за унапредување на правата и положбата на жените во чиј состав влегуваат

[1] ЗАКОНИ ЗА ЖЕНИ И МАЖИ: ПРАКТИЧЕН ВОДИЧ ЗА РОДОВО-СЕНЗИТИВНО ЗАКОНОДАВСТВО, Скопје, 2019 година Мисија на ОБСЕ во Скопје, https://www.osce.org/files/f/documents/c/d/424619.pdf (пристапено на 5.8.2020)

пратеничките со актуелен мандат[2]. Клубот е формиран во 2003 година на иницијатива на Македонското женско лоби, а со поддршка на Работната група за родови прашања (Gender Task Force-GTF) при Пактот за стабилност на Југоисточна Европа[3]. Годинава Клубот бележи **20 години** од своето основање. Согласно Правилникот за работа на Клубот на пратенички, во работата на претседателството на Клубот учествува и претседателката на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите[4]. Клубот во пратеничкиот состав 2016-2020 и 2020-2024 иницираше законодавни измени за подобрување на законите кои се однесуваат на родовата еднаквост и е многу гласен застапник за поголеми родови квоти за политичко учество на жените. Во мандатот 2016-2020 Клубот на пратенички доби своја канцеларија.

## II. 14 јавни расправи кои се однесуваат на родови аспекти на политики во пратеничкиот состав 2016-2020 и 5 јавни расправи во пратеничкиот состав 2020-2024

Во пратеничкиот состав 2016-2020 беа одржани **14 јавни расправи** на теми поврзани со родови прашања како: изменување и дополнување на Законот за работните односи;  годишни извештаи за спроведување на Стратегијата за родова еднаквост за 2016, 2017 и 2018 година;  говор на омраза во медиумите насочен кон жените; говорот на омраза насочен кон жените во политиката; Извештај за напредокот на Република Северна Македонија од страна на Европската комисија за 2018 година, со посебен осврт на делот за родова рамноправност; финансирање на активностите предвидени во Националниот акциски план за имплементација на Истанбулската конвенција; поддршка при имплементација на социјални политики, мерки и буџет за еднородителски семејства; улогата на жените во руралните средини и нивните предизвици; Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство; родовиот аспект на климатските промени; План на активности за унапредување на родовата сензитивност на Собранието на Република Северна Македонија 2020-2021. Не беше одржана **ниту една надзорна расправа**.

Во пратеничкиот состав 2020-2024 беа одржани **5 јавни расправи**[5] на теми поврзани со родови прашања како: годишен извештај за спроведување на Стратегијата за родова еднаквост за 2019 година; Предлог закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство; Предлог-стратегија за родова еднаквост 2021-2026; Предлог на закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик (*); Предлог - план на активности за унапредување на родовата сензитивност на Собранието на Република Северна Македонија 2022-2024. Не беше одржана ниту една надзорна расправа.

---

[2] Клуб на пратенички, Собрание на Република Северна Македонија https://www.sobranie.mk/za-klubot.nspx (пристапено на 20.2.2023)
[3] Ibid.
[4] Правилник за организација и делокруг на работа на Клубот на пратенички на Собранието на Република Македонија (4.2.2019), член 8, став 5, достапен на https://www.sobranie.mk/dokumenti-928085e5-84ee-47c0-9162-9d6f2ff348fe.nspx (пристапено на 20.2.2023).
[5] Состојба заклучно со 21.2.2023 година

## III. 51 пратеничка од вкупно 120 пратеници и нивниот сооднос во членството во Комисиите во пратеничкиот состав 2020-2024 и во пратеничкиот состав 2016-2020

***Табела 1:*** **Застапеност на пратеничките во членството и претседателството на Комисиите во парламентарниот состав 2020-2024** (состојба заклучно со 10.02.2023)

| *Во Собранието има **51 пратенички** од вкупно 120 пратеници (**42,5%**)* | Комисии со **висока застапеност на жени членки** од над 50% | Комисии со **еднаква застапеност на жени и мажи членки** (50%) | Комисии со застапеност на **жени членки од 30%-50%** | Комисии со **ниска застапеност на жени членки** (27% и помалку) |
|---|---|---|---|---|
| Комисии со **претседателка и заменик-претседателка** | Комисијата за еднакви можности на жените и мажите<br><br>Комисијата за образование, наука и спорт | | | |
| Комисии со **претседателка** | Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците; | | Законодавно-правната комисија;<br><br>Комисијата за прашања на изборите и именувањата | Комисија за локална самоуправа; |
| Комисии со **заменик-претседателка** | Комисија за труд и социјална политика;<br><br>Комисија за европски прашања | Комисијата за финансирање и буџет | | Комисијата за економски прашања; |
| Комисии во кои **нема жена** на позициите претседател/ заменик-претседател | Комисијата за надворешна политика;<br><br>Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот;<br><br>Комисијата за уставни прашања;<br><br>Комисија за култура;<br><br>Комисијата за здравство | | | Комисијата за одбрана и безбедност;<br><br>Комисијата за надзор над спроведување на мерките за следење на комуникациите;<br><br>Комисијата за транспорт, врски и екологија;<br><br>Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања;<br><br>Комисијата за надзор над работата на управата за безбедност и контраразузнавање и на Агенцијата за разузнавање;<br><br>Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство |

***Табела 2:* Застапеност на пратеничките во членството и претседателството на Комисиите во пратеничкиот состав 2016-2020 (податоците се од декември 2019)**

| *Во Собранието има **48 пратенички** од вкупно 120 пратеници (**40%**) и има 21 комисија* | Комисии со **висока застапеност на жени членки** со над 50% | Комисии со **еднаква застапеност на жени и мажи членки** (50%) | Комисии со застапеност на **жени членки од 30%-50%** | Комисии со **ниска застапеност на жени членки** (25% и помалку) |
|---|---|---|---|---|
| Комисии со **претседателка и заменик-претседателка** | Комисијата за еднакви можности на жените и мажите | Комисијата за образование, наука и спорт | Законодавно-правната комисија;<br><br>Комисијата за здравство | Комисијата за транспорт, врски и екологија |
| Комисии со **претседателка** | Комисијата за култура | | | Комисијата за финансирање и буџет |
| Комисии со **заменик-претседателка** | Комисијата за надворешна политика | Комисија за труд и социјална политика;<br><br>Комисијата за надзор над работата на управата за безбедност и контраразузнавање и на Агенцијата за разузнавање;<br><br>Комисија за локална самоуправа | | Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања (без жена членка) |
| Комисии во кои **нема жена** на позициите претседател/ заменик-претседател | Комисијата за европски прашања | | Комисијата за уставни прашања;<br><br>Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот;<br><br>Комисијата за економски прашања;<br><br>Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство | Комисијата за одбрана и безбедност;<br><br>Комисијата за прашања на изборите и именувањата;<br><br>Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците;<br><br>Комисијата за надзор над спроведување на мерките за следење на комуникациите |

## IV. Состав на делегациите на Собранието

***Табела 3: Состав на делегации на Собранието на Република Северна Македонија 2020-2024 (податоците се од февруари 2023)***

| **Делегации на Собранието во:** | Шеф на делегација | Членови: **жени/мажи** |
|---|---|---|
| Парламентарното собрание на Советот на Европа (ПС СЕ) | маж | 1/1 |
| Парламентарното собрание на Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ПС ОБСЕ) | маж | 1/1 |
| Интерпарламентарната унија (ИПУ) | маж | 2/4 |
| Парламентарната димензија на Централноевропската иницијатива (ПД ЦЕИ) | жена | 0/2 |
| Парламентарното собрание на Северноатлантската договорна организација (ПС НАТО) | жена | 0/2 |
| Парламентарното собрание на Медитеранот (ПС на Медитеранот) | маж | 0/2 |
| Парламентарното собрание на Процесот за соработка во Југоисточна Европа (ПС ПСЈИЕ) | маж | 1/3 |
| Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација | претседател жена потпретседатели 1 жена и 1 маж | 4/6 |
| Парламентарното собрание на Франкофонијата (ПСФ) | маж | 2/1 |
| Парламентарното собрание на Организацијата за Црноморска економска соработка (ПАБСЕК) | жена | 2/1 |
| Делегација на Собранието на Република Северна Македонија во Интерпарламентарно собрание на Православието (ИПС на Православието) | / | 1/1 |

***Табела 4: Состав на делегации на Собранието на Република Северна Македонија 2016-2020 (податоците се од декември 2020)***

| **Делегации на Собранието во:** | Шеф на делегација | Членови: **жени/мажи** |
|---|---|---|
| Парламентарното собрание на Советот на Европа (ПС СЕ) | маж | 1/1 |
| Парламентарното собрание на Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ПС ОБСЕ) | маж | 1/1 |
| Интерпарламентарната унија (ИПУ) | маж | 1/5 |
| Парламентарната димензија на Централноевропската иницијатива (ПД ЦЕИ) | маж | 1/1 |
| Парламентарното собрание на Северноатлантската договорна организација (ПС НАТО) | маж | 1/0 |
| Парламентарното собрание на Медитеранот (ПС на Медитеранот) | маж | 1/1 |
| Парламентарното собрание на Процесот за соработка во Југоисточна Европа (ПС ПСЈИЕ) | маж | 1/3 |
| Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација | претседател жена потпретседатели 2 мажи | 4/6 |
| Парламентарното собрание на Франкофонијата (ПСФ) | маж | 2/1 |

Според препораките на Парламентарното собрание на Советот на Европа[6] меѓу мерките кои треба да бидат преземени за зголемување на застапеноста на жените во парламентите се: усвојување на соодветни законодавни и/или административни мерки за да се осигура дека постои родово балансирана застапеност во сите национални делегации во меѓународни организации и форуми.

## V. Околу 57 граѓански и меѓународни организации соработуваат со Собранието за прашања од родов аспект

Во интервјуто на пратеничките спроведено од Парламентарниот институт и објавено во анализа[7], контактите со граѓанскиот сектор, експертите и засегнатите страни за определено законско решение кое опфаќа родови прашања беа посочени како најчести механизми за информирање на пратеничките. Наодите од интервјуата покажаа дека соработката со граѓанските и меѓународните организации е фактор кој придонесува за јакнење на позицијата на пратеничките во спроведувањето на родовите политики.

## VI. 162 жени и 90 мажи од вкупно 252 вработени во службата на Собрание[8]

Од вкупно 252 вработени во собраниската служба 162 се жени односно 64,3%, а 90 се мажи односно 35,7%. Од 162 жени во службата на Собранието, 34 се на раководни позиции, односно 21%. Од вкупно 90 мажи во службата на Собранието, 20 се на раководни позиции или 22%. Службата на Собранието досега три пати била предводена од Генерална секретарка, вклучително и парламентарниот состав 2016-2020 и актуелниот парламентарен состав 2020-2024.

## VII. СЛЕДНИ АКТИВНОСТИ[9] ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА РОДОВАТА СЕНЗИТИВНОСТ НА СОБРАНИЕТО

- Проценката на влијанието на регулативата (**ПВР**) на предлог-законите што доаѓаат од Владата секогаш да вклучува и родова процена;
- Развивање на сопствен механизам на Собранието, односно **алатка за проценка на родовото влијание при подготовка, разгледување и надзор на законите**. Алатката ќе овозможи да се утврди и процени различното влијание на предлог-законите и политиките врз жените и

[6] Council of Europe Parliamentary Assembly recommendation 1676 (2004) on women’s participation in elections, 5 October 2004, http://assembly.coe.int/nw/xml/XRef/Xref-XML2HTML-en.asp?fileid=17259&lang=en (пристепно на 20.02.2023)
[7] БРОЈНОСТ И НАТПАРТИСКА СОРАБОТКА НА ПРАТЕНИЧКИТЕ КАКО ФАКТОР ЗА ЗАЈАКНУВАЊЕ НА НИВНОТО ВЛИЈАНИЕ, октомври 2019, Парламентарен институт, Собрание на Република Северна Македонија, https://www.sobranie.mk/content/%D0%9F%D0%B0%D1%80%D0%BB%D0%B0%D0%BC%D0%B5%D0%BD%D1%82%D0%B0%D1%80%D0%B5%D0%BD%20%D0%B8%D0%BD%D1%81%D1%82%D0%B8%D1%82%D1%83%D1%82/7.pdf
[8] Податоците се со состојба на 21.2.2023 година
[9] Активностите произлегуваат од „**Планот на активности за унапредување на родовата сензитивност на Собранието на Република Северна Македонија 2020-2021**“ **усвоен на** 15.1.2020, достапен на https://www.sobranie.mk/2016-2020-srm-ns_article-usvoen-predlog-planot-na-aktivnosti-za-unapreduvanje-na-rodovata-senzitivnost-na-sobranieto.nspx (пристапено на 20.2.2023)

мажите, со што секоја нееднаквост ќе може да биде отстранета пред усвојување на  предлог-законот;
- Изработка на годишни планови за **надзор на законите** за родова еднаквост;
- Користење на инструментот **пратенички прашања** за вршење надзор на родовите политики;
- **Обуки** за пратениците на тема родова еднаквост обезбедени од службата на Собранието, вклучително Парламентарниот институт и надворешни експерти;
- Вклучување на **родовите аспекти во буџетскиот процес**, проценка на буџетите од аспект на родовите прашања, вклучување на родовата перспектива во сите фази на буџетскиот процес;
- Воведување родова квота или друг вид на афирмативни мерки за да се обезбеди **родов баланс во составот на работните тела, собраниските делегации и пратенички групи за соработка** на Собранието. Ова треба да се предвиди со Деловникот за работа на Собранието;
- **Вклученост на мажите** во родовите прашања и во составот на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите;
- Родово-сензитивна официјална комуникација и **родово-сензитивен јазик** во формалните правила;
- **Родово сензитивна организираност на просторот**: простории за грижа за деца и за доење.

Изработиле: Ева Јованова
Фани Коровешовска
Согласна: Фани Коровешовска

Раководител на Парламентарен институт

________________________________________

Златко Атанасов

## ЛИСТА НА ИЗВОРИ


1. Закони за жени и мажи: практичен водич за родово-сензитивно законодавство, Скопје, 2019 година Мисија на ОБСЕ во Скопје, https://www.osce.org/files/f/documents/c/d/424619.pdf

2. Клуб на пратенички, Собрание на Република Северна Македонија https://www.sobranie.mk/za-klubot.nspx

3. Правилник за организација и делокруг на работа на Клубот на пратенички на Собранието на Република Македонија (4.2.2019) https://www.sobranie.mk/dokumenti-928085e5-84ee-47c0-9162-9d6f2ff348fe.nspx

4. Council of Europe Parliamentary Assembly recommendation 1676 (2004) on women's participation in elections, 5 October 2004, http://assembly.coe.int/nw/xml/XRef/Xref-XML2HTML-en.asp?fileid=17259&lang=en

5. Бројност и натпартиска соработка на пратеничките како фактор за зајакнување на нивното влијание, октомври 2019, Парламентарен институт, Собрание на Република Северна Македонија, https://www.sobranie.mk/content/%D0%9F%D0%B0%D1%80%D0%BB%D0%B0%D0%BC%D0%B5%D0%BD%D1%82%D0%B0%D1%80%D0%B5%D0%BD%20%D0%B8%D0%BD%D1%81%D1%82%D0%B8%D1%82%D1%83%D1%82/7.pdf

6. План на активности за унапредување на родовата сензитивност на Собранието на Република Северна Македонија 2020-2021, https://www.sobranie.mk/2016-2020-srm-ns_article-usvoen-predlog-planot-na-aktivnosti-za-unapreduvanje-na-rodovata-senzitivnost-na-sobranieto.nspx


Насоки
за користење на истражувачките услуги
на Парламентарен институт
Кој
ги користи
услугите?
-пратениците
-работните тела
-советите
-пратеничките групи
-генералниот секретар
Зошто?
за обезбедување објективни и непристрасни информации заради:
-подобро аргументирање на ставовите;
- подобро запознавање со предлог-законите и другите акти;
-кристализирање на идејата за поднесување предлог-закон;
-учество на јавни настапи, комуникација со граѓани и
дипломатски посети
Како?
со поднесување барање за истражувачки работи:
-во писмена форма (на пропишаниот образец, потпишан лично од
корисникот)
-во електронска форма (преку системот на е-парламент)
Кому
му се поднесува
барањето?
на раководителот на Парламентарен институт
(за дополнителни појаснувања во однос на темата и рокот,
истражувачот и раководителите се консултираат со корисникот
при добивањето на барањето и во текот на изработката на
истражувачката работа)
Какви услуги
и препорачан
минимален рок?
минимум работни дена:
-кратка информација 3
-тематски преглед 5
-хронолошки преглед 5
-статистички/квантитативен преглед 5
-компаративен преглед 7
-опширна информација 10
Што содржат
истражувачките
работи?
истражувачките работи се од информативна
природа, политички неутрални и објективни, се
фокусираат на факти и не содржат препораки, ниту
сугерираат решенија
Што
не може да
биде
побарано?
-правни совети и помош за индивидуални случаи;
-изработка на нацрт-закони или амандмани;
-информации од надлежност на други сектори во
Собранието
parl.inst@sobranie.mk
070 409-544
070 320-341
070 320-349
070 320-348